

# Македонскиот Дон Кихот - бесмртниот уметник Владимир Георгиевски

*Дневен весник (Ед. бр. 24233)*

**ЛИК**

03.01.2018 14:05

110

**Маестрално творечки создаден како естетичко совршено волшепство, документарниот филм за Георгиевски остава без здив не дозволувајќи ни за миг да се поздравиме со една длабока восхитувачката страст и возбуда, хипнотизирани од длабоката мудрост и талент на овој исклучителен уметник и човек**

***Мимоза Рајл***

Минатиот месец во преполнетата сала на Кинотеката на Македонија се случи неверојатен настан, премиерата на документарниот филм во режија на Константин Плевнеш, филм на „ЕФА-продукција“, поддржан од Агенцијата за филм, посветен на уметничкиот животен опус на македонскиот Дон Кихот, сликарот Владимир Георгиевски. Настанот беше примен со одушевување од публиката. Суптилно влеговме во најдлабоките безвременски ходници на нашата душа и таму, помеѓу Сервантес, Достоевски, Шекспир, Леонардо да Винчи, Гете, Хесе, Пикасо... ја пронајдовме и душата на Георгиевски. Настанот преку кратка но силна порака го поздрави и амбасадорот на Шпанија, Емилио Лоренцо Сера.

- Со големо задоволство го поздравувам настанот каде што се обединуваат талентот и интересот на македонските автори и уметници за големиот шпански писател Сервантес, чие епохално дело „Дон Кихот“ не престанува да биде извор на инспирација. Посакувам успех на изложбата и филмот посветени на делото на сликарот Владимир Георгиески и убеден сум дека наскоро и шпанската публика ќе има чест и задоволство да посведочи за успешниот спој на една шпанска тема обработена на македонски начин - рече Сера.

Во делата на Георгиевски се поздравуваат боговите Аполон и Дионис како метафора на врвните естетички вредности на редот, мерата и совршенството со непромислените страсти и нагони. Таму ги откриваме божествените тајни и мистерии на една средновековна естетика на мистицизмот, за веќе следниот миг да се упатиме кон ренесансната уметност - да се свртиме кон човекот во неговата совршена хармонија со природата. Делата на Георгиевски, како што ни порача и Константин Плевнеш, ја познаваат вечноста како единствена татковина, иако постојано присутни низ ходниците на страдањето како наша судбина. Сепак, Георгиевски веруваше како што веруваме и сите ние дека на крајот убавината и уметноста ќе го спасат светот.

Маестрално творечки создаден како естетичко совршено волшепство, овој филм остава без здив не дозволувајќи ни за миг да се поздравиме со една длабока восхитувачката страст и возбуда, хипнотизирани од длабоката мудрост и талент на овој исклучителен уметник и човек. Филмот отвора нови хоризонти на љубовта, а Плевнеш повторно се покажува како исклучително талентиран автор, режисер и композитор, нудејќи го молотовиот коктел на љубовта преку стиховите на Петре М. Андреевски во „Дениција". Останувајќи доследен на својот уметничко-катарзички израз во и преку љубовта, Константин Плевнеш ни порача уште еднаш дека таа е парче светлина помеѓу две темнини. Без љубовта, вели тој, човекот денгуби под овој небесен свод.
Овој филм на Плевнеш нè врати во детството затоа што единствено таму најголемиот дел од времето го минуваме во метафизичка стварност далеку од страдалничкиот сјај на овој таинствен свет. Таму каде што Маркузе ни ја даде вечната апотеоза на фантазијата како основа во создавањето на грандиозните уметнички дела, таму каде што животот е исполнет со дионизиска страст и несекојдневно трескавично уметничко творештво.
Владимир Георгиевски ни покажа дека влегувањето во автентичниот живот е оној грандиозен момент кога човекот ги восприема трагедијата и страдањето како фундамент на постоењето. Затоа што каде и да ги споиме Георгиевски и неговата уметност, секогаш виси прашањето зошто страдањето и од каде свесното страдање во човековата егзистенција. Навлегувајќи длабоко во светот на уметноста, Георгиевски се соочува со оној проблем на дуалитетот во уметноста и духовното царство: на раѓањето и смртта, еросот и танатосот, умирањето и повторното раѓање. Во таа атемпорална суштина македонскиот Дон Кихот се наоѓа во агонија и борба со себеси. Како Фауст, кој требаше да ја убие љубовта, како Хамлет, кој ни порача дека денес не е прашањето да се биде или не, туку прашањето е да се биде или не во својата суштина. Како Сартр им вели не на злото и на неслободата, како Достоевски нè носи во најмрачните делови на нашата душа, како Сервантес нè тера катадневно да се бориме со невозможното и никогаш да не се откажеме, како Прометеј, кој го зеде огнот од боговите за да им го даде на луѓето, како Исус, кој според Повеста на страдањето по Матеј отиде по страдалничкиот од на голготата за да го спаси човекот. И како Диоген, кој со свеќата го бараше човекот или, пак, како Леонардо да Винчи, кој се бореше да ја достигне божествената, совршена хармонија на сопственото уметничко дело. Македонскиот Дон Кихот е свесен дека човекот е бесконечна духовна вертикала на постоењето, човекот што твори онака како што Светиот дух му шепоти. Но прашањето што ја тескоби душата на овој вонвременски уметник е како да живееме без страдање, како да престане вечната борба на доброто и злото внатре во себе, во човековата егзистенција и како да сфатиме дека животот е радосна вест.

Постојат личности незаменливи во својот искон, но постојат и личности ненадоместливи во својот гениј, па за миг помислив ако постојат скали на љубовта би се искачила горе на небото за да го вратам долу на земјата овој непресушен извор на инспирација меѓу нас обичните смртници. Но тогаш кај мене блесна онаа прекрасна трогателна филмска сцена од предворјето на чаирскиот свети Ѓорѓи, кога и небото плачеше по душата на овој исклучителен творец, како ни вели: Не мора да го видите со сетилата оној што страсно го љубите, туку носете го длабоко во срцето. Затоа што видоа оние што поверуваа, а не видоа оние што чекаа да видат за да поверуваат.

**(Авторката е директорка на институтот за сценски уметности ЕФТА)**


КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

Македонски | Дон Кихот | бесмртност | уметник | Владимир Георгиевски

КОМЕНТАРИ

Име:

Е-пошта:

Наслов на коментарот:

Објави анонимно

(Кога ќе биде објавен коментарот, нема да биде прикажано името)

Остави коментар

Внеси коментар